3-И-0740-101_01-1
АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
Подружница „ЕНЕРГЕТИКА" - Скопје
16-та Македонска бригада бр.18, 1000 Скопје,п.фах 734, Р. Северна Македонија

# ЈАВЕН ПОВИК

## За покажување на интерес за склучување на Рамковен договор за набавка на електрична енергија за подолг период за загуби во електродистрибутивна мрежа

ЈП. бр. 19-01/2026

Скопје, Јули 2026

Врз основа на Решението од РКЕ со бр. 12-3358/2 од 18.11.2019 година за одобрување на Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа, АД ЕСМ во државна сопственост Скопје – Подружница Енергетика, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за покажување на интерес за склучување на Рамковни договори за набавка на електрична енергија за подолг период за загуби во електродистрибутивна мрежа

### 1. Предмет на Јавниот повик

Се објавува Јавен повик со кој Акционерското друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост Скопје – Подружница Енергетика, (во понатамошниот текст: АД ЕСМ Подружница Енергетика) ги поканува сите заинтересирани страни да покажат интерес за склучување на Рамковен договор за набавка на електрична енергија за подолг период за загуби во електродистрибутивна мрежа. Рамковниот договор претставува основа врз која АД ЕСМ Подружница Енергетика, ја дефинира набавката на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа.

### 2. Дефиниции и кратенки

2.1.Кратенките користени во овој Јавен повик ќе го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| ОДС | Оператор на електродистрибутивен систем – АД ЕСМ Подружница Енергетика |
| РКЕ | Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ |
| РД | Рамковен договор |
| ИД | Индивидуален договор |
| ИБДП | Индивидуално барање за доставување на понуди |

2.2. Термините користени во овој Јавен повик го имаат следното значење:

| | |
|---|---|
| **Рамковен договор (РД)** | Договор склучен помеѓу Продавачот и ОДС. |
| **Понудувач** | Производител или трговец или снабдувач на електрична енергија регистриран во согласност со законските прописи на Република Северна Македонија, и кој поседува соодветна лиценца издадена од страна на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ, како и EIC код издаден од страна на АД МЕПСО и имаат важечки договор со АД МЕМО, кој учествува на Јавен Повик |

| | |
|---|---|
| **Квалификуван понудувач** | Понудувач кој има склучено Рамковен Договор со ОДС |
| **Избран понудувач** | Понудувач кој има склучено Индивидуален Договор со ОДС |
| **Јавен повик** | Овој документ кој е објавен во два дневни весници во Република Северна Македонија и достапен на интернет страната www.esm.com.mk |
| **Набавка на електрична енергија** | Постапка која ја спроведува ОДС во согласност со Правилата за Набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа на ОДС |
| **Индивидуален договор** | Купопродажен договор помеѓу квалификуван понудувач и ОДС со кој се утврдуваат комерцијалните услови за купопродажба на електрична енергија. |
| **Понуда** | Понуда за продажба на електрична енергија (MWh) по одредена цена (EUR/MWh) без ДДВ. заокружена на две децимали, доставена од страна на квалификуван понудувач. |
| **Индивидуално Барање за доставување на Понуди (ИБДП)** | Документ во електронска форма кој е испратен од страна на ОДС до сите квалификувани понудувачи преку електронска пошта во кој прецизно се утврдуваат условите според кои ќе биде спроведена постапката за набавка на електрична енергија за подолг период на отворен пазар преку тендерска постапка. |
| **Постапка за набавка на електрична енергија** | Редослед на настани поврзани со набавка на електрична енергија кои почнуваат со ИБДП од страна на ОДС, доставени понуди од страна на квалификуваните понудувачи, евалуација и избор на најповолен понудувач и завршуваат со склучување на Индивидуален Договор со избраниот понудувач. |
| **Дијаграм за испорака на електрична енергија и моќност** | Барање на ОДС во кој е содржана распределбата на електрична енергија и моќност, на часовно ниво, за одреден временски период. |

## 3. Право на учество на Јавниот повик

Право на покажување на интерес за склучување на РД имаат сите заинтересирани понудувачи, носители на лиценци за производство, снабдување и трговија со електрична енергија, издадени од страна на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ, кои поседуваат EIC код издаден од страна на АД МЕПСО и имаат важечки договор со АД МЕМО за учество на пазарот на електрична енергија.

## 4. Опис на процесот за набавка на електрична енергија

ОДС ќе набавува електрична енергија за покривање на загубите во дистрибутивната мрежа по пазарни услови, на транспарентен, недискриминаторен и конкурентен начин. Овој процес е структуриран на следниот начин:

**А) Јавен повик за склучување на РД**

Овој документ.

**Б) Оценување и квалификација пред склучување на РД**

Оценувањето на Понудувачите кои покажуваат интерес за склучување на РД го вршат овластени лица од страна на ОДС. Овластените лица од ОДС по доставување на документите од страна на понудувачот, а кои се наведени во точка 5 од овој Јавен повик, вршат проверка дали доставените документи се важечки, и дали се издадени од соодветни надлежни органи на Република Северна Македонија.

Овластените лица од ОДС го информираат Понудувачот за комплетноста на документацијата и доколку истата е целосна го покануваат да склучи РД со ОДС и да се стекне со статус на квалификуван понудувач кој може да учествува во процесот за набавка на електрична енергија.

Во спротивно, доколку доставената документација од Понудувачот не е комплетна и целосна, истиот ќе биде информиран за недостатоците и процесот на квалификација ќе трае до комплетирање на наведените документи, за период кој ОДС дополнително ќе го определи.

**В) Склучување на РД**

Понудувачот кој ќе склучи РД со ОДС, се стекнува со правото на квалификуван понудувач и истиот ќе може да учествува во процесот за набавка на електрична енергија.

**Г) Индивидуално Барање за Доставување на Понуди (ИБДП)**

Сите квалификувани понудувачи ќе добијат ИБДП преку електронска веб платформа и/или електронска пошта, во случај кога е иницирана процес за набавка на електрична енергија. Секое ИБДП ќе содржи инструкции и правила за доставување на понуда од страна на Понудувачот. Понудувачот со доставување на неговата понуда во целост ги прифаќа правилата дефинирани во ИБДП, и се обврзува да постапува по истите се до завршување на процесот за набавка на електрична енергија и склучување на ИД.

**Д) Рангирање и избор на најповолен Понудувач**

Рангирањето на најповолен понудувач го вршат овластени лица од ОДС преку евалуација на понудите по пат на "Листа на мериторно подредување". Листата на мериторно подредување се формира со растечки редослед, така што, прворангирана е понудата за електрична енергија со најниска цена. Цените за електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа за набавка на електрична енергија за подолг период на отворен пазар се сметаат за примарен критериум за рангирање и избор на Понудите. Времето на прием на Понудите ќе биде земен како секундарен критериум, единствено доколку две или повеќе понуди се со иста цена. Во таков случај предност ќе биде дадена на понудата со најрано регистрирано време на прием.

**Ѓ) Објавување на резултатите и известување**

ОДС ќе ги извести понудувачите за резултатот од постапката, рангирањето на најдобрите понудувачи и одлуката за избор на најповолен понудувач.

**Е) Потпишување на Индивидуален договор**

До избраните понудувачи, ОДС ќе достави на потпишување ИД кој содржи одредби за договорените трансакции како количина и моќност, период на испорака, точка на испорака, флексибилност во испораката на договорената количина енергија (+/- %), износ на банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување или износ на депозитот, цена, услови на плаќање и начин на фактурирање.

**5. Документација**

Покажувањето на интерес од страна на заинтересираните Понудувачи треба да ги содржи следните документи:

- Лиценца за производство, снабдување или трговија со електрична енергија, издадена од страна на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на РСМ;
- Известување од АД МЕПСО за одобрен и регистриран ENTSO-E идентификационен код (EIC);
- Важечки договор со АД МЕМО за учество на пазарот на електрична енергија;
- Доказ дека економскиот оператор е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран (ДРД образец).
- Изјава дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од следниве кривични дела утврдени во Кривичниот законик: учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе.
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;

- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност или единствен документ за докажување на способноста и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - привремена забрана за вршење одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста

Документите треба да бидат во согласност со законодавството на земјата во која се наоѓа седиштето на субјектот кој се јавува на отворениот повик.
Истите потребно е да се важечки. Документите за докажување на лична способност не смеат да бидат постари од 6 (шест) месеци сметано од крајниот рок за поднесување на понудите наназад.
Напомена: Пријавите за покажување на интерес за склучување на РД со непотполна документација нема да се сметаат за важечки се додека не се комплетираат. Доставените прилози не се враќаат.
Целокупната документација се доставува на македонски јазик, или преведена и заверена на нотар.

## 6. Начин на покажување на интерес за склучување на РД

Сите заинтересирани Понудувачи кои сакаат да покажат интерес за склучување на РД со ОДС за набавка на електрична енергија треба да ги достават сите потребни документи согласно со овој отворен Јавен повик наведени во точка 5.
Покажувањето на интерес за склучување на РД за набавка на електрична енергија за покривање на загубите на електрична енергија во дистрибутивната мрежа, треба да биде со доставување на документите на адреса: АД ЕСМ Подружница Енергетика Скопје, ул. 16-та Македонска бригада бр. 18, 1000 Скопје, во архивата, во затворен коверт со назнака – *Пријава за склучување на Рамковен договор за набавка на електрична енергија за подолг период за загуби во електродистрибутивна мрежа – НЕ ОТВАРАЈ.* Пријавите во архивата на ОДС, потребно е да се достават најдоцна до **30.07. 2026 год. до 10:00 часот.**

## 7. Останати одредби

Сите трошоци настанати за Понудувачот во подготвувањето и испраќањето на документите во врска со овој Јавен повик паѓаат на товар на Понудувачот.
ОДС ќе ги земе предвид само комплетните документи согласно Точка 5 од овој Јавен повик.
Сите прашања во врска со овој отворен Јавен повик треба да бидат проследени на следните електронски пошти: toni.belcovski@elem.com.mk и suzana.krstevska@elem.com.mk

## 8. Завршни одредби

РД престанува да важи доколку квалификуваниот понудувач:

- сторил прекршување на обврските согласно член 14 од Правилата за набавка на електрична енергија за покривање на загубите во електродистрибутивната мрежа;
- не ја продолжи важноста на лиценцата за вршење на енергетска дејност по истекот на рокот на важење, или истата е суспендирана или одземена од страна на РКЕ;
- го раскинал договорот за условите и начинот на учество на пазарот на електрична енергија со операторот на пазарот за електрична енергија;
- во случај на повреда на законски и подзаконски одредби кои ја регулираат предметната материја.

Комисија за Набавка